Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 01.04.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 18 | 894 | 1 | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 14-216/2
15.03. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 7. седница одржана на 29.02.2016 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Применети компјутерски науки" прв циклус студии на Факултет за современи науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово**

1. Се акредитира студиска програма **„Применети компјутерски науки" прв циклус студии на Факултет за совремни науки и технологии при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран по применети компјутерски науки,** Научно - истражувачко подрачје: Природно математички науки, Техничко - технолошки науки, научно - истражувачко поле: Информатика, Компјутерска техника и информатика, научно - истражувачка област: Информатика, Информациони системи и програмирање, Програмски јазик и системи, Вештачка интелегенција, Алгоритми, Оптимизација, Симулација, Развивање на софтвер и бази на податоци и друго, Архитектура на сметачки системи, Програмски јазици и технологија, Информациони системи и мрежи, Бази на податоци, Обработка на информации, Вештачка интелегенција и системи, Процесирање на податоци, Организација и методологија на проектирање на сметачки системи ( хардверски системи, софтвер) и друго.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за современи науки и технологии Тетово за организирање прв циклус студиска програма „Применети компјутерски науки“, на 25.12.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 7. седница одржана на 29.02.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков